ВЕСТИ

# По морбидната закана по живот кон Џабир Дерала, ЗНМ пријави во МВР и до Секторот за компјутерски криминал

— DECEMBER 25, 2023 — UPDATED: DECEMBER 25, 2023 2 MINS READ

Facebook Twitter LinkedIn Email



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) поднесе пријава до надлежниот сектор на Министерството за внатрешни работи (МВР) во врска со директна закана по живот кон основачот на Цивил медиа, Џабир Дерала.

Како што стои во објавата на ЗНМ, пријавата следи по директната закана кон колегата Дерала во форма на коментар на негова објавена колумна на официјалната Фејсбук страница на „Нова ТВ веб" каде што профил со име Александар Антиќ напишал коментар: **„Биди видлив гнидо, куршумот кај и да е ќе те стигне".**

„ЗНМ стапи во комуникација со контакт лицето во МВР задолжено за напади врз новинари, каде што го пријави случајот, а пријавата е истовремено адресирана и до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР.  Укажуваме дека заканите по живот се кривични дела опфатени во Кривичниот законик за што е предвидена затворска казна за сторителите, а МВР и ОЈО, треба веднаш да ги истражат и процесираат со цел да ги казнат оние кои го прекршуваат законот, но и да превенираат евентуални вакви кривични дела во иднина.", пишуваат од ЗНМ.

Од таму потсетуваат дека за случаи каде што има експлицитни закани по безбедноста на новинарите и медиумските работници ЗНМ и МВР имаат протокол за соработка каде што се дефинирани практичните чекори како новинарите да постапат кога ќе бидат предмет на закана преку социјалните мрежи и, воопшто на интернет, преку проактивна вклученост на МВР во заштита на медиумските работници.

закана по живот    ЗНМ    Џабир Дерала

## НАЈЧИТАНИ

## Светот треба да научи од трагедијата на Полска: Враќањето на демократијата е уште потешко отколку таа да се создаде

**КОЛУМНА** — JANUARY 23, 2024

ТИМОТИ ГАРТОН ЕШ Еволуција или револуција?“ Прашањето што се поставува денес во Полска ја опфаќа...

### Маричиќ: Европскиот напредок на државата е реалност

JANUARY 23, 2024

### Кај дивите свињи на Шар Планина откриена е болеста африканска чума

JANUARY 23, 2024

### САД и Велика Британија повторно извршија напади врз Хутите во Јемен

JANUARY 23, 2024

## Претплати се на е-билтенот на НоваТВ

Добиј ги последните вести на твојата е-адреса.

Your email address..

ПРЕТПЛАТИ СЕ

РЕДАКЦИЈА МАРКЕТИНГ

© 2024 НОВА ТВ